УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**ELOCOM®** lotion / **ЕЛОКОМ®** лосион

mometasone furoate

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некои од несаканите ефекти се влошат до сериозни, или доколку забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, информирајте го sВашиот лекар или фармацевт.

Содржина:

1. Што претставува Elocom и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребувате Elocom
3. Како да употребувате Elocom
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Elocom

## ELOCOM® лосион

*мометазон фуроат*

За надворешна употреба

Состав

Еден грам **Elocom® лосион** 0,1% содржи 1mg мометазон фуроат.
Помошни супстанции: изопропанол, хидроксипропил целулоза, натриум дихидроген фосфат дихидрат, пропиленгликол, прочистена вода и фосфорна киселина.

**Фармацевтска форма / пакување**

Elocom® лосион 0,1% - шише со 20ml лосион.
Elocom® лосион 0,1% - шише со 30ml лосион.

**Производител**

Schering-Plough Labo N.V., Industriepark 30, B-2220 Heist-op-den-Berg, Белгија и/или Schering-Plough S.p.A Via F. Kennedy 5, I-26833 Comazzo, Италија.

**Број и датум на одобрението за промет**

20ml: 15-5568/12 од 01.08.2012,
30ml: 15-5569/12 од 01.08.2012.

**Носител на одобрението за ставање во промет**

Претставништво ШЕРИНГ-ПЛАУ ЦЕНТРАЛ ИСТ АГ- Скопје,
Ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје, Македонија
Тел. 3230 728

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава на лекарски рецепт (Р).

**1. Што е Elocom® и за што се употребува?**

**Дејство**

Elocom® лосион спаѓа во групата на кортикостероиди кои се употребуваат за ублажување на воспалителни и пруритички симптоми на дерматози кои реагираат на кортикостероиди, како што се псоријаза и атопичен дерматит.

**2. Што треба да знаете пред да употребите Elocom®?**
**Да не се употребува Elocom®:**
- доколку Вие или Вашето дете сте преосетливи на мометазон фуроат, на било која помошна супстанција на лекот или на други кортикостероиди;
- доколку имате мали сипаници, херпес или други инфекции на скалпот. Советувајте се со својот лекар или фармацевт доколку не сте сигурни;
- пред употреба на лекот, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт доколку сте бремени или доите;
- доколку Вашиот скалп е осетлив или се иритира при употребата на Elocom лосион, престанете со терапијата.

**3. Како се употребува Elocom® лосион?**
Неколку капки Elocom® лосион се нанесуваат на заболеното место на кожата, вклучувајќи и влакнести делови, еднаш дневно. Лосионот треба нежно да се втрие на заболеното место додека потполно не се апсорбира.
Следете ги инструкциите за употреба на Elocom® лосион:
- лосионот се нанесува само на скалпот. Не го нанесувајте на други места на телото;
- не го нанесувајте лосионот кај деца подолго од 5 дена;
- не нанесувајте голема количина од лосионот подолго време (пр. секој ден, неколку недели или месеци);
- одбегнувајте контакт на лосионот со Вашите очи;
- доколку Ви се јави инфекција на скалпот за време на употребата на Elocom® лосион, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт, затоа што може да ви даде друг вид на терапија.

**Доколку сте заборавиле да аплицирате Elocom® лосион**
Аплицирајте го лосионот веднаш штом се сетите, а потоа продолжете со вообичаената терапија.

**Што треба да направите во случај на предозирање со Elocom® лосион**
Во случај на ненамерно проголтување на Elocom® лосион, може да не се појават несакани ефекти. Доколку сте загрижени, информирајте го својот лекар.
Доколку го употребувате Elocom® лосион подолго од препорачаното или го нанесувате на голема површина, може да влијае на некои од Вашите хормони. Кај деца може да влијае врз растот и развојот.
Доколку не сте ги следеле инструкциите од Вашиот лекар во однос на начинот на употреба или доколку го нанесувате лосионот многу често и/или подолго време, информирајте го својот лекар.

**4. Можни несакани ефекти.**
Локални несакани реакции кои ретко се јавуваат при употреба на Elocom® лосион, вклучуваат: жарење, чешање, печење, воспаление на фоликулите, алергиски кожни реакции, обезбојување на кожата, зголемен раст на влакна, истенчување и црвенило на кожата, акни.
За секое несакано дејство информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

**5. Чување на Elocom® лосион.**

Да се чува на температура $2^0C$ до $25^0C$.
Лекот да се чува на места недостапни за деца!

**Рок на траење**
Рокот на траење е обележан на пакувањето. По отворање, лекот може да се користи еден месец ако се чува на температура до $25^0C$. Немојте да го употребувате лекот по истекот на рокот на употреба.

**Датум на последна ревизија на текстот**
Јули 2012.